

# „Perfect“ – Алатка за проценка на однесувањето на децата со аутизам од основното образование (возраст: 5 до 11 години) за време на наставата по физичко и образование

**Користење на алатката:** Да се биде ефикасен наставник по физичко образование значи да се креираат програми кои најдобро ги задоволуваат тековните потреби на вашите ученици. За голем дел од нив, вклучувајќи ги и децата со аутизам, при проценувањето и поставувањето на целите, при планирањето и реализацијата на наставата, треба да се земат во предвид бихејвиоралните (однесувањето) и сензорните (сетилата) вештини. Затоа, користете ја оваа алатка директно соработувајќи со вашиот ученик со аутизам за да го тестирате, набљудувате и да ги процените неговите потреби во овие области. Иако, акцентот овде се става на бихејвиоралните (однесувањето) и сетилните (сетилата) вештини, потребно е да се направат релевантни адаптации на делот за моторни вештини за да се задоволат развојните, културните и националните потреби на детето/регионот. Сепак, потребно е да се следи слична логика на креирање јасни задачи, директно тестирање и набљудување, како и бодување на набљудуваните одговори.

**Како да проценувате:** Целата проценка треба да се направи преку директно набљудување/интеракции со детето. Идеално, треба да го направите ова повеќе пати пред да дадете дерфинитивна оценка за некоја област. Критериумите се наведени подолу, но внимавајте на следново:

***Оценката 0*** *значи дека вештината воопшто не била забележана.*

***Оценката 1*** *значи дека вештината била делумно забележана и/или бара одредена помош.*

***Оценката од 2*** *значи дека е забележана во поголемиот дел од времето и направена независно.*

Co-funded by the European Union

## Дополнителни упатства:

**Предизвикувачкото однесување се** споменува низ целата алатка, при што, иако сите деца се различни, децата со аутизам може да демонстрираат предизвикувачки однесувања како што се: бес, агресија, самоповредувачко однесување, повторувачки однесувања (дејства и/или вокализации) и упорен говор/дејства.

**Комуникацијата** е спомната многу пати, имајте на ум дека децата со аутизам можат да комуницираат на различни начини, гласовно, со користење на знаковен јазик, преку систем за комуникација заснован на размена на слики **(PECS)** или преку користење на електронски уред-таблет за потпомогната и алтернативна комуникација (ААК)**.**

**Бихејвиорални вештини (вештини на однесување) во контекст на Физичкото образование (Ф.О)**

| **Задача** | **Оценка** | **Име на задачата** | **Цел на задачата** | **Како да оцените** | **Критериум** | **Забелешки** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| О 1 | 0 1 2 | Следење на упатства (индивидуално) | Следење на насоки од повеќе чекори (кога му се дадени директно на детето) | Зададете упатство во повеќе чекори (на пр., соблечи ги чевлите и седни на подот) поединечно на секое дете. (може да го наведете името на детето). | 1= Следи дел од упатството.<br><br>2= Ги следи сите чекори од упатството без помош. | |
| О 2 | 0 1 2 | Следење на упатства (групно) | Следење на упатство од 1 чекор во група од 5 или повеќе деца. | Зададете упатство од 1 чекор на група од 5 деца (на пр:станете сите!) без да го | 1= Го следи упатството во група од 2-4 деца. | |

léargas Co-funded by the European Union

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | наведете името на детето. | 2= Го следи упатството во групата од 5 деца без помош. | |
| О 3 | 0 1 2 | Следење на правила | Следење на основните правила за во салата по ФО кои се истакнати во салата/училницата и се разгледани за време на еден од претходните часови по ФО. | Презентирајте ги сите правила (на пр.: не зборувај гласно, не ги користи реквизитите без дозвола, итн.) и закачете ги во училницата или салата по ФО. | 1= Следи околу 75% од правилата за време на часот.<br><br>2= Ги следи правилата во текот на целиот час. | |
| О 4 | 0 1 2 | Започнување на интеракција со соучениците | Приоѓа до врсникот барем еднаш за време на часот по ФО за да постави прашање или да побара нешто. | Набљудувајте за време на часот по ФО дали детето самостојно му пристапува на врсникот на соодветен начин за да побара нешто. | 1= Приоѓа до соученикот, но го прави тоа со несоодветен јазик и/или физички контакт.<br><br>2= Му приоѓа на соученикот и поставува соодветно прашање/молба почитувајќи го личниот простор. | |

léargas
Co-funded by the European Union

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| О 5 | 0 1 2 | Учество во група | Одговара на прашање/барање презентирано во група од 5 или повеќе деца за да даде одговор или да изврши активност која е побарана барем еднаш за време на часот по ФО. | Во група каде има најмалку 5 деца побарајте волонтер да одговори на прашање или да презентира одредена активност (на пример кој може да им презентира на децата како правилно се скока на јаже). Овозможете повеќе вакви ситуации/можности за време на часот по ФО. | 1= Одговара на барањето, но, детето не чека да биде избрано/повикано.<br><br>2= Одговара на барањето откако ќе биде избрано од наставникот (одговорот не мора да биде точен). | |
| О 6 | 0 1 2 | Подготвеност за час | На часовите по ФО доаѓа со соодветна опрема (на пр.облека за вежбање, патики). | Проверете на почетокот на часот по ФО дали детето самостојно ја донело потребната опрема. | 1= Доаѓа со дел од потребната опрема.<br><br>2= Самостојно доаѓа на час со потребната опрема. | |
| О 7 | 0 1 2 | Транзиции (преминување од една активност на друга) | Преминува од една активност во друга во текот на часот по ФО без предизвикувачко однесување или потреба | За време на часот, дадете повеќе можности за премин од една активност во друга и набљудувајте | 1= Преминува без предизвикувачко однесување, но има потреба од помош. | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | од помош. | како детето го прави тоа. | 2= Независно преминува без предизвикувачко однесување. | |
| О 8 | 0 1 2 | Самоконтрола | Покажува способности да го именува своето однесување и да постави цели. | За време на часот, во повеќе наврати, прашајте го детето што прави, дали тоа што го прави е во ред и што може да се промени. | 1= Детето може да одговори на прашањата со одредени упатства/помош.<br><br>2= Детето може самостојно да одговори на прашањата. | |
| О 9 | 0 1 2 | Комуникација | Соодветно ги соопштува желбите и потребите на наставникот за време на часот по ФО. | Набљудувајте за време на часот дали детето самостојно ги комуницира желбите/потребите.<br><br>Доколку е возможно, уверете се дека сите потребни алатки за комуникација се лесно достапни (на пр: PECS, ААК | 1= Ги соопштува желбите и потребите на наставникот по ФО со одредено поттокнување/помош<br>2= Самостојно му ги соопштува потребите на наставникот без предизвикувачко однесување. | |

léargas Co-funded by the European Union

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | уред). | | |
| O 10 | 0 1 2 | Учење во група | Покажување нова вештина во групна настава од 5 или повеќе деца. | За време на часот, во групи од 5 или повеќе деца, демонстрирајте нова вештина (на пример, шутирање топка). Набљудувајте дали детето ја научило вештината преку групната настава. | 1=Делумно ја научило вештината или има потреба од помош при презентација на вештината за време на часот.<br><br>2= Целосно ја научило вештината и може да ја презентира без дополнителна помош. | |
| O 11 | 0 1 2 | Влијание врз условите за учење на другите деца | Во текот на целото времетраење на часот по ФО детето пројавува однесување кое го поддржува учењето на сите деца | За време на часот забележете дали детето не се однесува на начин што ги отежнува условите на дргите деца да учат (на пр. испуштање многу гласни звуци, уништување материјали, итн.). | 1= Потребна е минимална помош/поттикнување да се воздржи од однесувања што може негативно да влијаат на другите деца.<br>2= Во текот на целото време на сесијата се однесува на начин што го поддржува учењето на другите без потреба од помош или потсетници. | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| О 12 | 0 1 2 | Се задржува во својата група на одреден простор | Присуствува во својата група од минимум 5 или повеќе деца, за време на часот во ФО. | За време на часот по ФО забележете дали детето останува во својата група која работи во одреден простор. | 1= Потребна е минимална помош/поттикнување да остане во одреден простор.<br><br>2= Самостојно останува во одредениот простор во текот часот. | |
| О 13 | 0 1 2 | Одговарање на прашања од соучениците | Одговара на сите прашања/барања поставени од соучениците за време на часот по ФО | За време на часот по ФО забележете дали детето самостојно одговара на барањата/прашањата поставени од страна на соучениците на соодветен начин. | 1= Повремено одговара на прашањата/барањата од соучениците.<br>2= Доследно одговара на прашањата/барањата од соучениците користејќи соодветен јазик и физички контакт. | |

léargas
Co-funded by the European Union

## Сензорни вештини во контекст на наставата по Физичко образование

| Задача | Оценка | Име на задачата | Цел на задачата | Како да оцените | Критериум | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|
| C 1 | 0 1 2 | Одвојување на стапалата од подот | Дава свое мислење за одвојување на стапалата од подот за време на активности како на пример скокање, без да покаже предизвикувачко однесување. | Прашајте го детето за нивото на удобност со задачата (пр: одвојување на стапалата од подот) Доколку е соодветно, забележете ја неговата реакција за време на релевантна активност (на пример, скокање). (не го принудувајте детето да се вклучи во активноста ако | 1= Не дава мислење за задачата (на пример одвојување на стапалата од подот), но се чини задачата не му смета (не се впушта во предизвикувачко однесување). 2= дава мислење за задачата (на пример одвојување на стапалата од подот) без да се впушти во предизвикувачко | |
| C 2 | 0 1 2 | Паѓање/висина | Дава свое мислење за паѓање/висина за време на активности како што се качување по јаже или скала без да покаже предизвикувачко однесување. | | | |
| C 3 | 0 1 2 | Главата наопаку | Дава свое мислење за тоа кога главата е наопаку за време на активности на часот по ФО, како што се правење салто или при употреба на различна опрема за гимнастика без да покаже предизвикувачко однесување. | | | |
| C 4 | 0 1 2 | Реакција на допир | Давање свое мислење кога е допрен/кога допира некого за време на активностите на часот по ФО како што се држење за раце при формирање круг или правење јога пози со партнер | | | |

léargas
Co-funded by the European Union

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | без да покаже предизвикувачко однесување. | изрази непријатност. | однесување и се чини дека неговиот одговор е соодветен на неговата реакција (на пр: кажува дека задачата е интересна и изгледа дека ужива во скокањето). | |
| C 5 | 0 1 2 | Стоење во ред или блиску до други | Давање на свое мислење за стоење во ред/блиску до другите за време на активности на часот по ФО како што се чекање во ред за пиење на вода или чување некого за време на играње кошарка без да покаже предизвикувачко однесување. | | | |
| C 6 | 0 1 2 | Активности со движење | Давање свое мислење за прекумерно движење за време на активности на часот по ФО како што се вртење или танцување со брзи чекори без да покаже предизвикувачко однесување. | | | |
| C 7 | 0 1 2 | Активности без движење | Давање свое мислење за правилото дека мора да се застане смирено за време на активностите по ФО, како што е танц со замрзнување во место без да покаже предизвикувачко однесување/константно движење. | | | |
| C 8 | 0 1 2 | Да се биде во бучна средина | Давање свое мислење за ситуација кога се наоѓа во бучна средина на часто по ФО како на пример кога децата и наставниците зборуваат во исто време во сала со ехо без да покаже предизвикувачко однесување. | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| C 9 | 0 1 2 | Да се биде во многу осветлена средина | Давање свое мислење за ситуација кога престојува во многу осветлена средина без да покаже предизвикувачко однесување. | | | |

## Моторни вештини

*Ова не е сеопфатна листа, туку содржи моторни вештини кон кои треба да бидеме насочени почетокот на основното училиште Дополнителни моторни вештини може да се додадат на крајот од овој дел по истиот формат, за да се усогласат со одредени национални наставни програми и/или возраст/одделение/развојно ниво.*

| **Задача** | **Оценка** | **Име на задачата** | **Цел на задачата** | **Како да оцените** | **Критериум** | **Забелешки** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| M1 | 0 1 2 | Имитација-груба моторика | Имитирање на движење во неколку чекори, зададено од наставникот по ФО. | Дадете пример за движење од неколку чекори (на пр. танц со две движења)<br>Прашајте го детето<br>да го имитира движењето, само, чекор по чекор. | 1= имитира дел од секвенците (движењето).<br>2= Ја имитира целата секвенца (движењето) самостојно. | |

Co-funded by the European Union

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| M2 | 0 1 2 | Подскокнува ње | Прескокнува со една нога низ просторијата на растојание од најмалку 7 метри без да падне. | Залепете две линии на земја оддалечени околу 7 метри. Кажете му на детето да застане на една линија и да скокне со едната нога до другата линија без да падне. | 1= Прескокнува 4-6 метри без да падне.<br>2= Прескокнува на целото растојание без да падне. | |
| M3 | 0 1 2 | Прецизност при фрлање | Фрла топка на оддалеченост од 4 метри за да погоди цел со големина од околу 1 метар. | Залепете мета на сидот со лента со големина од околу 1 метар и околу 1 метар над земјата. Кажете му на детето да застане на околу 4 метри и да ја фрли топката одозгора за да ја погоди целта. | 1= Ја фрла топката одозгора, не ја погодува целта, туку промашува за околу 2 до 3 метри.<br>2= Ја фрла топката одозгора и ја погодува целта. | |
| M4 | 0 1 2 | Фаќање на | Топкање и фаќање на тениско топче со | Дајте му на | 1= Го фаќа | |

Co-funded by the European Union

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | одбиена топка | едната рака. | детето топче и кажете му го да топне и да го фати со едната рака. | топчето со една рака по повеќекратно отскокнување.<br>2= Го фаќа топчето со една рака по едно отскокнување. | |
| M5 | 0 1 2 | Шутирање | Шутира топка која е во мирување и истата се движи во воздух најмалку до 4 метри. | Ставете ја топката на земја пред детето на околу 15 см оддалечена од неговата нога и кажете му да ја шутне. | 1= Ја шутира топката и таа се движи помеѓу 1-3 метри.<br><br>2= Ја шутира топката и таа минува најмалку 4 метри. | |
| M6 | 0 1 2 | Брзина на трчање и агилност | Во рок од 5 секунди трча 3 метри, зема предмет, па трча 3 метри назад со предметот (без испуштање). | Залепете две линии на подот на растојание од околу 3 метри. Ставете некој предмет (на пр. топка) на подалечната линија. | 1= Ја завршува задачата, но истата трае помеѓу 6-10 секунди.<br><br>2= Ја завршува задачата во рок од 5 секунди. | |

léargas
Co-funded by the European Union

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Кажете му на детето да застане на почетната линија, да трча најбрзо што може, да го земе предметот од другата линија и потоа да трча назад до почетната линија со него. Вклучете ја стоперицата и мерете. | | |

## Оградување од одговорност

Проектот е финансиран од Европската Унија преку програмата ЕРАЗМУС +.

Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не претставува одобрување на нејзината содржина. Содржината ги одразува гледиштата само на авторите и комисијата не е одговорна за каква било употреба на информациите содржани во неа.

Co-funded by the European Union